ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: МЕДИУМИТЕ
Дата: 03.11.2010

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

## ПРОТОКОЛИ ЗА РАБОТА

Република Македонија е една од земјите која сеуште нема воспоставено протоколи за работа на здравствените институции со правно дејство. Протоколите за работа претставуваат збир на постапки и процедури кои се задолжителни за здравствените работници за определена дијагноза. Пластично, протоколите за работа се објаснуваат како сите задолжителни постапки кои се вршат на пациентот за определена дијагноза, од прием до отпуст од болницата/клиниката.

Протоколите за работа најчесто се донесуваат од страна на Министерствата за Здравство и/или Лекарските комори во соработка со надлежните здравствени институции.

ФЗОМ направи анализи со кои се одвоија здравствени услуги и групи на здравствени услуги за кои ФЗОМ одвојува најголем дел од буџетот за здравствени услуги. Со ова ФЗОМ иницира и ги поттикнува здравствените институции, лекарската комора и Министерството за здравство побрзо и поактивно да ги доработат протоколите за работа за следните здравствени услуги со што би се придонело за зголемување на квалитетот на здравствените услуги и еднаков третман на сите пациенти преку воспоставување на протоколи и преку стандардизирање на вградени матерјали-импланти и лекови кои се употребуваат за овие здравствени услуги.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија со цел давање на приоритет на кои здравствени услуги и групи на здравствени услуги да се отпочне со вовдедување на протоколи ги одвојува следниве здравствени услуги што се скапи

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

во смисла дека имаат големо учество во структура на сите здравствени услуги и за нив се одлева значителен дел од буџетот на ФЗОМ:

1. IN-VITRO услуги
2. Кардиолошки услуги
3. Кардио-хируршки услуги
4. Торако-Васкуларни услуги
5. Услуги поврзани со респираторни заболувања
6. Породувања
7. Услуги поврзани со интензивна нега и вештачка вентилација
8. Дијализа
9. Хемо и Радио терапија
10. Хирушки услуги поврзани со Карциноми

Со продлабочување на анализата се направени анализи за импланти и лекови кои имаат големо учество во структурата  на самите здравствени услуги .

Лекови:
1. Rituximab
2. Trastuzumab
3. Octreotide
4. Erythropoietin
5. Docetaxel
6. Fludarabin
7. Somatropin
8. Инсулини
9. Коагулациони фактори VII
10. Коагулациони фактори VIII
11. Коагулациони фактори IX

Импланти: (доколку ги нема во ЈЗУ се рефундираат од ФЗОМ)
1. Ендопротези ( Колк, Колено, ‘Рбет)
2. Стентови

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

3. Остеосинтетски матерјал ( Колк, Штрафови, Клинови, Плочки)
4. Мрежи за хернија
5. Интраокуларни леќи
6. Не-имплант(потрошен матерјал) за некрози на кожа (AQUACEL)

Протоколите значат поголем квалитет на здравствени услуги преку задолжителен збир на постапки за определена дијагноза и преку стандардизирање на вградениот потрошен матерјал и лекови за истите..

Бранко Аџигогов
Портпарол